**Протокол за ученици со попреченост инклузирани во редовните паралелки**

**Во ООУ „ 25 Мај„ Гази Баба-Скопје**

---

- Учениците со попреченост во паралелките од прво до трето одделение треба да бидат вклучени во наставата во училиштата и да им се обезбеди поддршка од страна на наставниците и стручните соработници (специјален едукатор, психолог, педагог и сл. односно инклузивниот тим ).
- Училиштето изработува ИОП кој го изработува инклузивиот тим за учениците со посебни образовни потреби треба да се прилагоди на начинот на реализација на наставата во училиштето за тие ученици.
- Родителите/старателите на учениците со попреченост, имаат право да одлучат дали нивните деца ќе следат настава со физичко присуство во училиште или ќе следат настава со учење од далечина – од дома.
- Учениците доаѓаат и одат во придружба на родител/старател/образовен/личен асистент, со организиран превоз. Превозниците кои вршат превоз на ученици ги почитуваат и применуваат протоколите за превоз на патници.
- Учениците со попреченост кои имаат поддршка од образовен или личен асистент, продолжуваат со поддршката на образовниот процес на учениците во училиштето или во домот на ученикот и треба да бидат во постојана комуникација и координација со инклузивниот тим во училиштето и родителите.
- Образовниот асистент начинот на поддршката на образовниот процес на ученикот ја договара во директна соработка со родителот/старателот.
- Образовниот или личиот асистент кој се вклучува во паралелката, се придржува на Протоколот за наства со физичко присуство, поттикнува физичка дистанца помеѓу ученик-ученик и наставник-ученик и помага во одржување на хигиената на ученикот.

**Директор**

----------------------------

М-р Фадил Муртезани